Извештај од

# СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ

јануари - јуни 2022 година



Проектот е финансиран од Европската Унија

Институт за човекови права

Наслов:
**ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ**
**За периодот јануари - јуни 2022 година**

Издавач:
**Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје**

**Скопје, август 2022 година**

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија.
Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# ВОВЕД

јануари - јуни
2022 година

Институтот за човекови права, преку присуство на сите отворени седници, редовно ја следи работата на Судскиот совет. Цел на оваа активност е преку објективно следење на неговата работа, Институтот за човекови права да ги забележи проблемите и напредокот во работењето, како и да придонесе, со заклучоци и препораки базирани на докази, за подобрување на состојбата во судството.

Извештајов е поделен на три главни дела кои се однесуваат на **транспарентноста**, **ефективноста** и **ефикасноста** на Судскиот совет.



За потребите на извештајов беа користени следниве извори на информации: присуство на сите отворени седници на Судскиот совет, извештаи за Судскиот совет, објави и документи објавени на веб-страницата на Судскиот совет на РСМ, објави во медиуми итн.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

одржани
15 седници

Транспарентноста по однос на објавувањето на седниците бележи континуитет, во споредба со минатата година, што значи дека **соопштенијата за седниците се објавуваат навремено, а веднаш по завршување на секоја седница се објавува и соопштение за донесените одлуки**.

Законската обврска за објавување на записниците од седниците на ССРСМ се почитува и записниците, кои се детални, се објавуваат по нивното усвојување.

Сепак, се забележува **забавено усвојување на записниците, за разлика од порано**.

Можеби една од причините за ова е тоа што некои од членовите на Советот имаат забелешки на нивната содржина, односно тоа што дел од членовите бараат нивните дискусии да бидат веродостојно внесени, а не парафразирани. Заради ова се забележува и не континуирано објавување на истите, имајќи предвид дека за да биде објавен записникот мора да се усвои на седница.

**Електронскиот системот за тонско снимање и гласање не работи.** Членовите гласаат јавно, со кревање рака, а доколку некој од нив не е присутен на седницата, тогаш седницата ја следи и гласа преку апликацијата Вибер, што како пракса се воспостави во текот на пандемијата предизвикана од Ковид-19. Седниците се снимаат на диктафон, и се води записник од страна на службата.

Се почитува законската обврска за усвојување на **Годишниот извештај за работа на ССРСМ.**[1] **Веднаш по неговото усвојување извештајот беше објавен на** веб страницата и доставен до Собранието.

Годишниот извештај содржи детали и податоци за избрани и разрешени судии, за ажурноста на судовите и слично. **Законска обврска е извештајот да содржи податоци за исполнетоста на Годишната програма за работа**, но сепак, иако активностите и целите од програмата се наброени и е дадено нивно објаснување, овој дел **не дава целосна рефлексија на исполнетоста на Годишната програма** и детални активности за секоја цел. Воедно, извештајот за работа на ССРМ за 2021 година сè уште не е усвоен од Собранието.

Може да се забележи помал број седници одржани на месечно ниво, но истите се со пообемни дневни редови и точки за разгледување. Една седница е секогаш резервирана за одлучување по претставки на граѓаните и правните лица, што е и законска обврска. Вообичаена практика е последната недела во месецот да се разгледуваат и да се одлучува по поднесените претставки.

Но, за овој начин на работа има реакции од некои членови на Советот кои реагираат дека има потреба од повеќе седници на кои би се расправало за битни точки кои заслужуваат внимание и предизвикуваат дилеми кај членовите. Тие нагласуваат дека не е доволно да се расправа по нив на колегиум. Судскиот совет, како колективно тело, одлучува на јавни седници, па согласно со тоа, неопходно е да се расправа на седница за да се донесат усогласени ставови, а да не се расправа само за точки за кои мора, по закон да се донесат одлуки од страна на ССРСМ.

Меѓу другото, неколку пати е побарано да се разгледаат барањата на судиите во врска со нивниот статус по стапувањето во сила на измените на законот за работни односи, а со цел да се донесат заклучоци, но овие барања претходно не беа ставени на дневен ред до денот кога ССРСМ мораше да донесе одлука.

Во однос на самиот начин на водење на седниците и ангажираноста на членовите на Судскиот совет, може да се констатира континуирана **зголемена активност на одделни членови кои учествуваат во работата на Судскиот совет преку давање на мислења, забелешки и предлози**. Расправата по точките од дневниот ред се одвива подолго од вообичаено со конструктивно учество на повеќе членови кои преку реплики и аргументации го кажуваат своето мислење по одредено прашање. Честа појава се спротивставените мислења на членовите кои укажуваат на различни толкувања на процедуралните аспекти, но понекогаш тие поединечни толкувања создаваат потешкотии при водење на седниците. **Овие различни толкувања упатуваат на конструктивност и континуирана ангажираност на членовите кои што се битни во развивање на дебата и носење н на издржани одлуки.**

И покрај тоа што **Министерот за правда и претседателот на Врховниот суд на РСМ** (ВСРСМ) **во Советот се членови по функција, може да се забележи нивно многу ретко, или никакво присуство на седниците**. Иако, веќе години наназад министерот за правда не присуствува на седниците, неговото учество на одделни седници би било значајно дотолку повеќе што министерот за правда се јавува како предлагач на битни закони од областа на правосудството, па од таа причина неговата кохабитација со Судскиот совет е неопходна за непречена соработка во спроведување на судските реформи. **Претседателката на ВСРСМ своето отсуство го оправдува со ненавреме-**

1 Член 100 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.102/2019)

**но доставување на поканата (со дневниот ред) и материјалите за седница**. Нејзиното отсуство е најчесто од оправдани причини, но **кога присуствува на седниците дава свој придонес во работата на Судскиот совет.** Согласно законската регулатива, претседателката на ВРСМ нема право на глас на седниците, сепак нејзиното присуство значи можност да се дискутира за битни прашања и размена на искуства кои ја тангираат работата на Судскиот совет и на Врховниот суд, но и на судството воопшто. Токму од таа причина е и интенцијата на законодавецот да ги поврзе овие два значајни судски институции со актуелните состојби во правосудството преку почитување на начелата на независност, непристрасност, јавност и транспарентност.

**Анализа на содржината на објавите на Судскиот совет и на изјавите  за медиуми:**

Следејќи ја веб страницата на Судскиот совет може да се констатира позитивна промена во начинот и содржината на известувањата што се објавуваат на истата. Се забележува **подетален опис на точките од дневниот ред** кои биле разгледувани на седниците, како и **подетални известувања за средбите кои ги оствариле со амбасадори и претставници на меѓународни институции и организации**. Ова се должи, пред сè, на **кадровското зајакнување на одделението за соработка со јавноста** со нов вработен, кој по струка е новинар.

# ОТВОРЕНОСТ КОН ЈАВНОСТА И МЕДИУМИТЕ

За разлика од периодот пред пандемијата предизвикана од корона-вирусот забележен е и **намален интерес и намалено присуство на медиумите на отворените седници.** Во последниот период информации за работата на ССРСМ не се присутни во медиумите и претседателката не иницира прес конференции и средби со медиумите кога има важни прашања кои се во надлежност на органот, а кои се во интерес на јавноста. Можат да се забележат изјави или интервјуа на претседателката, за поединечни актуелни настани. Во овој период одржана е само една прес-конференција, на која е презентиран извештајот за работа на ССРСМ за 2021 година.



# ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

## ИЗБОР НА ЧЛЕН НА СУДСКИОТ СОВЕТ ОД РЕДОТ НА СУДИИТЕ

**Во првата половина на 2022 година немаше избор на член на Судскиот совет од редот на судиите.** Со заминување во пензија на тројца членови на Советот, а кои се од редот на судиите и тоа Кире Здравев, Зоран Теофиловски и Гордана Спиреска согласно новите измени на Законот за работни односи, ќе треба да се изврши избор на тројца нови членови во наредниот период.

По многубројните препораки, **во Законот за ССРСМ[2], од 2019 година, за прв пат е дадена можност судиите директно да можат да поднесат барање за поведување постапка за дисциплинска одговорност на член на Судскиот совет кој го избрале**. Вакво барање може да поднесат најмалку 20 судии, или секој член на Судскиот совет, со право на глас. Законодавецот, при изготвување на текстот на Законот за ССРСМ, во одделни одредби не предвидел рокови, што остава простор за можни коруптивни практики, влијание врз членовите на Судскиот совет или пак појава на судир на интереси, спротивно на законските одредби. Такви правни празнини се лоцирани во член 32, кој се однесува на временото оддалечување од вршењето на функцијата член на Судски совет, како и во член 35, во однос на поднесувањето барање за поведување дисциплинска постапка за член на Советот.

Досега нема поднесено барање за поведување постапка за дисциплинска одговорност на член на Судскиот совет. Значајно е да се напомене дека **за член на Судски совет,** претставник на апелациското подрачје Гостивар, Основното јавно **обвинителството за гонење организиран криминал и корупција поднесе обвинение како за првообвинет**, **заедно со уште 6 лица**, **за нелегална приватизација на земјиште во Тетово. Судскиот совет**, **во декември 2019 година**, **му го одзеде судскиот имунитет,** но во меѓувреме, и покрај тоа што судот го прифати обвинението и започна судска постапка, **Судскиот совет не покрена постапка за негово времено оддалечување од вршењето на функцијата член на Советот**, што би бил добар чекор за враќање на довербата на граѓаните за непристрасно и независно судство. Во меѓувреме поради исполнување на услови за старосна пензија, членот на Советот за кој се води кривична постапка е разрешен од судиската функција, но и од функција член на Судски совет на РСМ.

2 Членови 34 и 35 од ЗССРСМ („Службен весник на РСМ“ бр.102/2019).

# ИЗБОР НА СУДИИ И НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Во текот на овој извештаен период (јануари-јуни 2022) Судскиот совет на РСМ ги спроведуваше тековните активности што произлегуваат од неговите надлежности, а кои се поврзани за одредени рокови утврдени во законот или во Деловникот на ССРСМ, но не вршеше избор, односно унапредување на судии. Карактеристично за овој период е **вршењето на подготвителни активности за оценувањето на судиите, што е во директна врска со унапредувањето на истите**. Имено, со Законот за ССРСМ, од 2019 година, за секое унапредување на судии потребно е да се изврши оценување на истите и тоа согласно со новиот начин на оценување. Подолго време ССРСМ ги изработуваше подзаконските акти (кои беа потпомогнати од надворешни експерти) поврзани со спроведувањето на новиот начин на оценување на судиите и на претседателите на судовите. За потсетување, во текот на 2020 година, беа усвоени **Методологија за квалитативно оценување на претседателите на судовите** и Методологија за оценување на работата на судијата врз основа на исполнетост на квалитативните критериуми за судиското работење, а во текот на 2021 год. **Методологија со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите** и **Правилник за начинот на формирање комисии за оценка на работата на судиите и на претседателите на судовите**. **На 29.3.2022 година ССРСМ го усвои последниот акт потребен за започнување на оценувањето на судиите**, **односно** **Правилникот за формирање и работење на комисиите на ССРСМ за редовно и вонредно оценување**. Врз основа на ова, **во април истата година беа формирани комисии за увид и оцена на судии и претседателите на судови, за основните и апелациските судови и за Управниот суд**, **кои беа во состав од 5 члена**, а **кои ќе го спроведат редовното оценување на сите судии и претседатели на судови**. Истовремено, **беа формирани и комисии за оценување на работата на судиите и на претседателите на судовите, кои треба да извршат вонредно оценување на кандидатите што се јавиле за унапредување, односно за претседател на суд. Формирањето на комисиите донесе многу дилеми** (нејаснотии) **кои се однесуваат на нивното практично работење**, **па од таа причина беа организирани средби со експерти, кои беа вклучени во процесот на изработка на методологиите**, **со цел нивна полесна примена и воедно спроведување обука на членовите на комисиите.**

**Може да се констатира дека ССРСМ долго време посвети на подготвителните активности за реализација на оценувањето на судиите и на претседателите на судовите**, што е разбирливо, **имајќи предвид дека се работи за сложен и комплексен процес на оценување**. Но, **од друга страна**, **ова негативно се одрази на унапредувањето на судиите кои се јавија на огласи распишани пред повеќе од една година, за кои постапката беше започната и сè уште не е докрај спроведена. Ваквото одолговлекување на изборот на судиите во повисоки судови се оправдува со потребата да се изврши вонредно оценување на кандидатите, што е законски услов. Но, потребата за пополнување на упразнетите судиски места во некои судови е повеќе од неопходна, што се гледа и од нивната неажурност во повеќе квартални периоди. Од овие причини во моментов активни се огласите за избор на судии, меѓу другите, и во ВСРСМ, Апелационен суд Скопје и Апелационен суд Гостивар, каде има пријавено голем број кандидати, заинтересираноста на судиите за унапредување е огромна, а два суда имаат поголем број упразнети судиски места.**

**Имено, во ВСРСМ, според систематизацијата, има предвидено 28 судиски места, но активно работат само** 18 судии. **Во Апелацискиот суд Скопје има предвидено 52 судиски места, но активни се само** 39 судии, додека во Апелаци**ониот суд Гостивар предвидени се 16 судиски места, а активно работат само 11 судии.**

# РАЗРЕШУВАЊЕ НА СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Во периодот до јуни 2022 година Судскиот совет **разрешил** 2 (двајца) судии и изрекол 1 (една) мерка за сторена **потешка дисциплинска повреда**.

Разрешен е судија на ВСРСМ заради сторени повреди како ВД претседател на Основен суд (причина - злоупотреба на службената положба и пречекорување на службените овластувања со неприменување на одредбите во врска со распределбата на судските предмети, што значи дека нестручно и несовесно ја вршел функцијата ВД претседател).

Разрешен е судија од Апелационен суд Штип, заради нестручно и несовесно вршење на судиската функција (причина - неизземање на судија од постапување и одлучување во постапка пред Апелационен суд Штип, каде како полномошник на тужителот се јавува адвокатско друштво во кое на позиција - адвокат е вработено лице со кое судијата е во крвно сродство).

Изречена е мерка за сторена потешка дисциплинска повреда (причина - постапување и учествување во одлучување во постапка пред Апелационен суд Штип, во предмет каде како полномошник на тужителот се јавува адвокатско друштво во кое на позиција адвокат е вработено лице со кое судијата е во крвно сродство).

Важно е, во овој извештај, да се спомене и разрешувањето на судиите, односно пензионирањето на 42 судии поради стапување во сила на измените и дополнувањата на Законот за работни односи.[3] Во измените е предвидено дека на сите кои имаат склучено договор за вработување и кои исполниле услови за старосна пензија (наполнети 64 години возраст и 15 години пензиски стаж) нема да може да им се продолжува работниот однос, односно ќе треба да се пензионираат. Судскиот совет, на седницата одржана на 1 јули 2022 година, применувајќи го ова законско решение пензионираше 42 судии кои ги исполнуваа условите за старосна пензија, а кои го имаа продолжено мандатот врз основа на претходната законска можност. Овој проблем беше актуелен подолго време. Се очекуваше усвојување измени и дополнувања на Законот за измени и дополнувања на Законот за работни односи, со цел да не дојде до пензионирање на голем број судии и на тој начин да се спречи уште поголем недостатокот од судии во сите судски инстанции.

Во врска со ова прашање, ССРСМ не дискутираше иако постоеја дилеми и барања од судиите и од некои членови на ССРСМ да се расправа и да се разгледаат сите можности кои ги нудат релевантните закони во случај доколку измените на Законот за работни односи не се усвојат од страна на Собранието. Од таа причина Судскиот совет се најде во незавидна положба веднаш откако стапија на сила измените и дополнувањата на Законот за работни односи на 30 јуни 2022 година да расправа во однос на правната издржаност за пензионирање на судиите кои исполниле услови

3 Член 104 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи Службен весник на СРМ 151/2021

за старосна пензија согласно актуелните законските измени. Беа посочувани неколку проблеми што би се актуализирале со истовремено пензионирање на голем број на судии, а тоа се (не)навременото насрочување на предметите, новите распореди на судиите по совети, повторното почнување на голем број судски предмети поради промена на судијата, користењето на одморите, а пред сè преоптовареноста со предмети на другите судии кои ќе ги наследат предметите од своите колеги кои ќе заминат во пензија, во ситуација кога веќе има голем недостаток на судии во сите инстанции, а следната генерација на кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители ќе заврши во декември 2022 година.

Прашањата кои потоа се отворија на седницата на која беа пензионирани 42-та судии се однесуваа на корелацијата - работниот однос наспроти мандатот на судиите, за колапсот пред кој може да се најде судството поради недостатокот на голем број судии, но од друга страна и препораката на ЕУ за намалување на бројот на судии, согласно со европските стандарди.

Остана спорно прашањето за **пензионирањето на судиите, членови на ССРСМ**. На оваа седница се пензионираа двајца членови на Судскиот совет од редот на судиите- Киро Здравев од ВСРСМ и Зоран Теофиловски од Апелацискиот суд Гостивар, но останува отворено прашањето дали тие ќе бидат разрешени по тој основ и од членови на Судскиот совет. Во Законот за ССРСМ нема одредба за оваа состојба, а од друга страна тие се избрани за членови на Судски совет бидејќи се активни судии. Од седницата се доби впечаток дека се разрешени само од судиската функција, но не и од членови на ССРСМ. Беше напоменато дека Уставен суд не одговорил позитивно на оваа дилема, иако била поставена од  ССРСМ.  **Но, согласно со законските одредби ,член на Судски совет може да биде само активен судија, па оттука се извлекува заклучок дека и на членовите на ССРСМ - Кире Здравев, Зоран Теофиловски и во текот на август 2022 година на Гордана Спиревска ќе им престане мандатот поради исполнување на условите за старосна пензија.**

## СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ

Следењето на работата на судовите, ССРСМ ја остварува преку разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите, но и преку посети на судовите од страна на комисии составени од членовите на Судскиот совет, што е предвидено во Интерниот план за  следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите за 2022 година.

Од кварталите извештаи за работата на судовите, може да се констатира дека продолжува трендот на неажурни судови, а како причини за таа состојба се наведува намалениот број судии, недоволниот број  судска администрација, но и зголемениот број предмети.

По извршените посети на судовите, членовите на комисијата која ја извршила посетата на седница го презентира извештајот од посетата со истакнување на позначајните наоди до кои дошле и со предлагање на заклучоци за понатамошно постапување доколку се утврдени недостатоци во работењето на судовите или на некои судии или претседатели на судови.

# ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ ОД ГРАЃАНИ И ОД ПРАВНИ ЛИЦА

Претставките од граѓани и од правни лица кои се поднесуваат до ССРСМ, а се однесуваат на работата на судиите и на претседателите на судовите, редовно се разгледуваат и се решаваат со почитување на законските рокови.

**Најголемиот број претставки Судскиот совет ги одбива како неосновани, имајќи предвид дека со претставките граѓаните, односно правните лица, бараат преиначување на судската одлука, бидејќи не се задоволни од истата**. Во најголем број случаи Судскиот совет наоѓа дека постапката по предметот е по жалба пред второстепениот суд, па наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето и затоа **нема ингеренции да интервенира во судските одлуки, ниту пак да ги менува истите, при што не наоѓа основи за постапување**".

Но, поради поголемиот број претставки што се однесуваат на непочитувањето на начелата за изземање на судиите Судскиот совет извршил посета и увид во работата на Апелационен суд Штип. Од презентираниот извештај, може да се констатираат одредени отстапувања во однос на почитување на одредбите кои се однесуваат на изземање на судиите како од самиот судии така и од претседателите на судовите кои одлучуваат по барањата за изземање. Како резултат на ваквите состојби разрешени се двајца судии од судот, но состојбата сѐ уште не е средена, што укажува на потребата и понатаму Судскиот совет, во рамките на своите надлежности, да реагира и да постапува со цел разрешување на оваа состојба.

# ПРЕПОРАКИ

Врз основа на следењето на отворените седници на Судскиот совет, извештаите за Судскиот совет, објави и документи објавени на веб-страницата на Судскиот совет на РСМ, објави во медиуми **може да се препорача следново**:



Судскиот совет треба внимателно да ги анализира изборот на стратегиите и дејствувањата, со цел да обезбеди судство кое ќе биде независно, непристрасно и ќе работи во корист на општеството и граѓаните во целост.



Со цел поголема транспарентност, освен јавност на седниците и редовно ажурирање на веб страницата на ССРСМ, потребно е и проактивно информирање на јавноста за прашања кои се од исклучителна важност за обезбедување на независноста на оваа институција. За таа цел, покрај формално заштитните мерки, неопходно е Судскиот совет да ја доближи својата работа до јавноста, но и до судиите со цел подобра соработка и взаемна доверба.



Судскиот совет треба да работи на подобрување на внатрешното функционирање на органот. Внатрешната комуникација меѓу членовите и вработените е особено важна и ќе придонесе кон поконструктивна дискусија и кон поголема ефикасност и ефективност на работата на Судскиот совет.



Со новиот Закон за ССРСМ е воспоставена добра основа за обезбедување на транспарентноста на Судскиот совет. Воедно, Судскиот совет има воспоставено формални процедури и стратегии за комуникација коишто треба соодветно да се применуваат, со почитување на принципите на професионалност, ажурност, конструктивност, посветеност што се еден од начините за враќање на довербата во судството.

ihr.org.mk